Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-4029/2
28.11 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), а согласно член 28 став 1 точка 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), постапувајќи по предлогот на Деканатската управа бр. 02-4029/1 од 22.11.2022г., Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 24.11.2022г., ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

*за утврдување на рок за завршување на студиите на втор циклус*

1. Студентите запишани на втор циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното време на траење на студиите продолжено за 1 година, односно најмногу 3 (три) години (шест семестри) од почетокот на учебната година кога е извршен уписот на Факултетот за едногодишните студии, односно 5 (пет) години (десет семестри) за двегодишните студии.
2. Рокот утврден во член 1 на оваа Одлука, престанува да тече во моментот кога студентот ќе пријави тема за изработка на магистерскиот труд.
3. По истекот на рокот студентот може да ги продолжи студиите со поднесување на барање за продолжување на студиите до Раководителот на Наставно-научниот колегиум на втор циклус на студии. Доколку во меѓувреме настане измена на студиската програма, студентот ги продолжува студиите по изменетата студиска програма.
4. Доколку по истекот на рокот за завршување на студиите не настане измена на студиската програма, студентот продолжува да студира по студиската програма по која се запишал, но најмногу до акредитација на нова студиска програма.
5. Преминувањето од претходната, на студиска програма која се применува, се врши врз основа на еквиваленција на положени предмети и освоени кредити.
6. Деканатската управа да ги утврди надоместоците за преминување од една на друга студиска програма, повторно запишување на предмети и признавање на предмети.
7. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Д Е К А Н,
Проф. д-р Александар Скепаровски

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Наставно-научни колегиуми за втор циклус;
- Институти;
- Секретар;
- Одделение за студентски прашања
- Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење
- ВЕБ страна на Факултетот